FROM PRIMARY TO HIGH SCHOOL: THE NEXT BIG STEP
HOW PARENTS CAN HELP
INFORMATION SHEET 2

# Од основното во средно училиште: Следниот голем чекор

## Како можат да помогнат родителите







За вашето дете, поаѓањето во средно училиште ќе претставува ново доживување. Во училиштето веројатно ќе има голем број ученици и вашето дете ќе има неколку различни наставници, различни училници и ќе треба да ги носи тетратките и книгите со себе од еден час на друг.

Пред вашето дете да започне да оди во средно училиште, зборувајте со него за различните ситуации во кои може да се најде и за различните луѓе со кои може да се сретне на училиште и поттикнувајте го да стекне нови пријатели.

Со помош од семејството и школскиот персонал, учениците обично брзо се привикнуваат на новата ситуација.

**Ве молиме внимавајте:**
Пред да започне школската година, неопходно е да го известите директорот ако вашето дете има било какви алергии или болести. Ова можете да го запишете во формуларот за упис на училиште во просторот одреден за тоа.

Исто така, треба да ги известите во училиштето ако се појават нови алергии или болести веднаш штом ќе дознаете за тоа.

### Нови наставници

Во средно училиште, учениците може да имаат осум или повеќе различни наставници, плус Советникот за ученици, кои ќе им нудат помош и поддршка. Вообичаено е новите ученици во Year 7 да бидат загрижени во врска со тоа.

Важно е да им кажете дека постојат луѓе кои можат да им помогнат и дека тие не треба да се премислуваат дали да им поставуваат прашања.

### Распоред

Предметите во средно училиште обично се изучуваат на часови од 40 до 60 минути, кои се викаат 'periods'. Секој предмет се изучува еден до два periods еден по друг. За да може вашето дете да знае каде се одржуваат сите часови и во кои училници, тој/таа ќе добие распоред на кој ќе бидат прикажани неговите/нејзините предмети, времето кога се одржуваат periods и местата каде што се наоѓаат училниците.

Добра идеја е да му помогнете на вашето дете кога ќе се врати дома, секоја вечер да го проверува распоредот за да се осигура да ги стави во торбата сите потребни работи за следниот ден - на пример, книги, материјали за пишување, PE (спортска) униформа и спортска опрема.

### Нови пријатели

Стекнувањето нови пријатели е можеби една од најважните работи со која ќе се соочи вашето дете кога ќе започне Year 7. Поттикнувајте го детето да учествува во активности за да се запознае со други луѓе и убаво да си поминува.

### Вклучување на родителите

Вклученоста и придонесите на родителите се добредојдени во нашите средни училишта.

NEW SOUTH WALES
DEPARTMENT OF EDUCATION AND TRAINING

MACEDONIAN

Групите на родители, како што е P&C Association (Здружение на родители и граѓани), ви нудат можност да се вклучите во животот на училиштето и да учествувате при донесувањето одлуки. Доброволното вклучување во школските настани и во училницата може да бидат многу добар начин да се запознаете со други родители и со персоналот на училиштето. Ви благодариме за помошта што можете да ни ја понудите.

## Како им се помага на ученици со посебни потреби

Како родител или старател на онеспособено дете, вие ќе добиете помош од различни луѓе кои ќе соработуваат со вас да ги изберете вистинските работи за вашето дете.

Изборот на работи кои ви стојат на располагање во средно училиште вклучува:

- редовна настава во редовни училишта
- часови со поддршка во редовните училишта
- училишта кои нудат одредени видови на поддршка.

Пред да го запишете детето на училиште, од вас ќе побараат да се јавите во локалната регионална канцеларија со што нашиот персонал ќе може да ги процени можностите кои ви стојат на располагање и ќе ви помогне да го изберете вистинското училиште за вашето дете.

## Униформи и местата за набавка на школска облека

Ако вашето дете е облечено во соодветната школска униформа првиот училишен ден, тој/таа ќе чувствува дека припаѓа во новото училиште. Училиштата често раководат со school clothing pool (место на училиште каде што се продаваат униформи), или во училиштето можат да ве известат во кои продавници можат да се купат нивните униформи.

## Карти за превоз

Молбите за возна, автобуска и/или карта за фериброд ќе можат да се добијат во средното училиште на вашето дете во 4то тромесечје. Овие формулари исто така често ви се испраќаат по пошта заедно со формуларот за упис на училиште. Тие треба да се вратат во средното училиште пред да заврши школската година за да се обезбеди сите карти за превоз да можат да се користат на почетокот од следната школска година.

Програмата за превоз на школски ученици е во надлежност на Одделот за превоз. Ако сакате да добиете било какви други информации, телефонирајте во Одделот за превоз на 1800 227 774 или (02) 9891 8900.

## Школски придонеси и трошоците за школување

Во државните средни училишта има два вида на трошоци. Потребно е да се плати општ доброволен придонес за да му се помогне на училиштето да им обезбеди на учениците средства и можности за учење.

Исто така има и наплати за предмети, кои треба да се платат за одредени предмети, на пример, за прехранбена технологија и визуелни уметности. Наплатите за предметите помагаат да се плати за материјалите кои вашето дете ги користи по секој од овие предмети.

Ако имате финансиски проблеми, ве молиме зборувајте со директорот. Можеби ќе можете да добиете помош околу наплатите за предмети, како и за други трошоци, на пример, за школска униформа, школски екскурзии и кампување.

## Мобилни телефони

Во нашите училишта, учениците активно се одвраќаат да користат мобилни телефони и други електронски направи за комуницирање додека се на училиште, а телефони сигурно не можат да се користат за време на часовите.

Секогаш кога се може, родителите се молат да не им телефонираат или праќаат SMS пораки на нивните деца во текот на наставата. Ако е потребно, пораките ќе им се пренесат на учениците преку школската канцеларија.

## Телефонска преведувачка служба

Ако ви треба преведувач за да ви помогне да му се јавите на директорот, ве молиме телефонирајте во Телефонската преведувачка служба на 131 450 и побарајте преведувач на вашиот јазик. Преведувачот ќе му се јави на директорот и ќе остане на линија за да ви помогне при разговорот. За оваа услуга не треба да платите.

© May 2006
NSW Department of Education and Training

GPO Box 33
Sydney NSW 2001
T 9561 8000
www.det.nsw.edu.au
NSW Public Schools - Leading the way
Државните училишта во NSW - Го покажуваат патот

NEW SOUTH WALES DEPARTMENT OF EDUCATION AND TRAINING

## Како да дознаете повеќе

За повеќе информации обратете се кај директорот на вашето училиште, телефонирајте во регионалната канцеларија или посетете ги Интернет страните www.schools.nsw.edu.au

За преведени информации, одете на www.det.nsw.edu.au/languagesupport

MACEDONIAN